# 1. РЕГИСТРАЦИЈА НА НОВ КОРИСНИК


Регистрација на нов корисник

Оваа регистрациона форма се пополнува, само ако немате корисничко име и лозинка за влез во Виртуалната експозитура (e-unibank) на УНИБанка АД Скопје. Ако веќе имате корисничко име и лозинка, за овозможување достап на ново физичко или правно лице мора да се обратите во Банката. Ако сте ги заборавиле своето корисничко име и/или лозинка посетете ја најблиската Експозитура на Банката за да добиете нови.

* Сите полиња се задолжителни!

* ЕМБГ:

ЕМБГ или број на пасош:

* Корисничко име:

* Внесете лозинка:

Сигурност на лозинката

* Повторете ја лозинката:

Неопходно е да ги запомните корисничкото име и лозинката, кои штотуку ги внесовте. Откако ќе ја потврдите регистрацијата во Банката, тие ќе Ви служат за влез во Виртуалната експозитура (e-bank).

ПОТВРДЕТЕ ГО БАРАЊЕТО ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

За да се користи услугата интернет банкарство потребно е да се биде клиент на Банката и корисникот да биде регистриран.

Регистрацијата за интернет банкарство може да се направи на еден од следните начини:

1. **On-line регистрација** – преку линкот https://e-unibanka.mk/oauth2-server/registration?client_id=E_BANK, при што клиентот самостојно ги одредува корисничкото име и лозинката за влез. Откако ќе направите on-line регистрација за активација на кориснички профил потребно е да посетите некоја од експозитурите на Банката, каде со потпишување на потребната документација се дефинираат услугите кои клиентот ќе ги користи и се врши активација на веќе креираниот профил. Може да се користи и за физички и за правни лица. При *on-line* регистрацијата клиентот не добива е-пошта со корисничко име и лозинка за најава од причина што истите самостојно ги креирал.

2. **Регистрација во експозитурите на Банката –** регистрација на корисникот се врши во просториите на Банката. По потпишување на потребната документација и дефинирање на корисничките услуги се врши активација на корисникот и истиот добива е-пошта со корисничко име и лозинка за најава на апликацијата за интернет банкарство. Може да се користи и за физички и за правни лица.

Корисничкото име и лозинка може да се променат по барање на клиентот.

## 2. НАЈАВА




Најавата се врши преку линкот:

https://e-unibanka.mk/oauth2-server/login?client_id=E_BANK&theme=E_BANK

при што се внесува корисничко име и лозинка, се избира опцијата *Влез,* се скенира QR-кодот со мобилната апликација My Unibank и добиениот код се внесува во полето за потврдување.

За најава на електронско банкарство преку веб апликацијата Е-УНИБанка и за најава на мобилната апликација My Unibank се користи исто корисничко име и лозинка.

## 3. ЗАБОРАВЕНА ЛОЗИНКА

Преку линкот кој се наоѓа на најавната страна за интернет банкарство може да се направи промена на заборавената лозинката.
За да се креира барање за заборавена лозинка потребно е да се пополнат задолжителните полиња:

- **Корисничко име**-корисничко име кое се користи за најава во системот
- **Адреса на е-пошта**-електронска адреса која во моментот на поднесување на барањето е валидна и регистрирана во Банката, односно електронската адреса поднесена во Банката при процесот на регистрација за интернет банкарство.
- **Клиентски број**-број со кој клиентот е регистриран во Банката и служи како средство за идентификација. Истиот е наведен на Барањето за регистрација, но може да се добие и во експозитурите на Банката или Контакт центарот за техничка поддршка по извршена идентификација.




